СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 88 **3 април 2020, петок** **година LXXVI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
1322.	**Уредба** за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година.....	**2**
1323.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за учебници за основно и средно образование за време на вонредна состојба.....	**2**
1324.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредна состојба.....	**3**
1325.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија за време на вонредна состојба.....	**4**
1326.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за гробишта и погребални услуги за време на вонредна состојба.....	**4**
1327.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Доброволно противпожарно друштво - „Дојран“.....	**5**
1328.	**Одлука** за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о.....	**8**
1329.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид.....	**8**
1330.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на ЈЗУ Здравствен дом - Вевчани.....	**8**
1331.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Шуто Оризари.....	**9**
1332.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на ЈЗУ Здравствен дом - Вевчани.....	**9**
1333.	**Одлука** за давање согласност на Годишната сметка за 2019 година на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје.....	**9**
1334.	**Одлука** за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје во 2019 година.....	**10**

		Стр.
1335.	**Одлука** за субвенционирање на каматата која произлегува од Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – V фаза, склучен меѓу Европската инвестициона банка и Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, како и пресметаната камата од страна на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје.....	**10**
1336.	**Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 10 денари со изменети белези.....	**11**
1337.	**Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 500 денари со изменети белези.....	**11**
	Огласен дел.....	**1-84**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1322.

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 април 2020 година донесе

У Р Е Д Б А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.278/19 и 13/20) во членот 2 во став (3) во табелата во подмерката 2.8 во делот поблиски критериуми и висина на директни плаќања износот „700” се заменува со износот „1500”.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2642/1
2 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1323.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 април 2020 година донесе

У Р Е Д Б А

СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕБНИЦИ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија“ број 98/08, 99/09, 83/10, 36/11, 135/11, 46/12, 24/13, 120/13, 29/14, 146/15, 217/15, 30/16 и 21/18), ќе се применува за време на траењето на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За реализација на започнатите постапки по објавениот јавен повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик, како и роковите за обезбедување на податоци за потребниот број на учебници кои се оштетени и не се за употреба и потребниот број на учебници кои ќе бидат во употреба во наредната учебна година, за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Роковите во постапките по објавениот јавен повик за доставување барање за одобрување учебник по странски јазик, кои истекуваат за време на траењето на вонредната состојба, се продолжуваат за два месеца од денот на влегување во сила на оваа Уредба.

Член 3

Роковите, за обезбедување на податоци за потребниот број на учебници кои се оштетени и не се за употреба и потребниот број на учебници кои ќе бидат во употреба во наредната учебна година, кои истекуваат за време на траењето на вонредната состојба, се продолжуваат за три месеца од денот на влегување во сила на оваа Уредба.

Член 4

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2669/1
2 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1324.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19 и 275/19), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За продолжување на роковите утврдени во Законот за заштита на децата за поднесување на барање за остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче, барање за остварување/продолжување на правото на родителски додаток за дете (трето дете), за поднесување на барање за продолжување на правото на родителски додаток за дете (четврто дете), како и за проверката на исполнетост на условот за присуство на најмалку 85% од вкупниот број на реализирани наставни часови за секој од мерните периоди заради исплата на додатокот за образование за третиот и четвртиот мерен период за учебната 2019/2020 година, за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Роковите кои согласно Законот за заштита на децата се определени за поднесување на барање за остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче, барање за остварување/продолжување на правото на родителски додаток за дете (трето дете), како и за барање за продолжување на правото на родителски додаток за дете (четврто дете), престануваат да течат за време на траење на вонредната состојба и се продолжуваат за три месеци од денот на истекот на траењето на вонредната состојба.

Член 3

Проверката на исполнетост на условот за присуство на најмалку 85% од вкупниот број на реализирани наставни часови за секој од мерните периоди, заради исплата на додатокот за образование за третиот и четвртиот мерен период за учебната 2019/2020 година, нема да се врши до крајот на наставната година.

Член 4

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2724/1
2 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1325.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 април 2020 година донесе

У Р Е Д Б А

СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 239/19), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба не е поинаку уредено.

За висината на минималната нето плата за месец април, мај и јуни 2020 година, се применуваат одредбите од оваа уредба.

Член 2

Висината на минималната нето плата за месец април, мај и јуни 2020 година, изнесува 14.500 денари.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2737/1
2 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1326.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 2 април 2020 година донесе

У Р Е Д Б А

СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ГРОБИШТА И ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/08, 156/10, 53/11, 163/13, 152/15 и 31/16) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За рокот на важење на дозволата за управување со гробишта и дозволата за вршење на погребални услуги, чиј рок на важење е истечен за време на вонредната состојба, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Важноста на дозволата за управување со гробишта и дозволата за вршење на погребални услуги, чиј рок на важење е истечен, се продолжува за време на траење на вонредната состојба како и 60 дена од денот на престанок на вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2765/1
2 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1327.

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 април 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ДОБРОВОЛНО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО - „ДОЈРАН“

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Дирекцијата за заштита и спасување му престанува користењето на движните ствари и тоа:

Реден број	Назив на движна ствар	Номенклатурен број	Количина
1.	Компас рачен	1205-0000-0001-4	8
2.	Бусола рачна М 53	1205-1234-0118-7	4
3.	Курвиметар М - 59	1205-1234-0125-4	19
4.	Комплет минерски алат КМА-1	1840-1864-0023-9	2
5.	Алат за минирање комплет број.6	1845-0000-0007-5	2
6.	Миноистражувач длабински „Fereks“	1845-0000-0008-1	5
7.	Комплет за минирање и разминирање КМР-3	1845-1086-0066-6	2
8.	Миноистражувач МИ-1/М	1845-1087-5729-4	11
9.	Алат за деактивирање на убојни средства	1845-1864-0023-4	3
10.	Машина за електрично палење мини ТКУ-9	1850-0000-0004-8	10
11.	Машина за палење мини КМ-100/в	1850-1187-5216-0	1
12.	Филтер за вода „Метеор“	2015-0000-0003-8а	5
13.	Филтер за вода	2015-1083-8131-8	15
14.	Резервар за вода 1500 l	2030-2013-0004-5	1
15.	Капуљача заштитна	2205-0000-0043-1	1100
16.	Одело заштитно за АБХО извидувач	2205-1039-2121-1	58
17.	Комбинезон заштитен	2205-1039-2122-3	774
18.	Наметка заштитна	2205-1083-5908-0а	588
19.	Кецеља заштитна	2205-1088-0283-2	349
20.	Чорапи заштитни	2205-2158-0058-2	703
21.	Нараквици заштитни	2205-2158-0122-7	1647
22.	Читач на личен дозиметар М-3	2210-1039-2017-1а	54
23.	Дозиметар личен ЛД-М3	2210-1039-2116-3	1856
24.	Детектор хемиски	2210-1129-3018-9а	58
25.	Детектор радиолошки ДР-М3	2210-1136-5801-1	25
26.	Мерач радиолошки детектор	2210-1137-0002-7	4
27.	Дозиметар команден ДК-500	2210-1149-2087-4	1
28.	Дозиметар команден ДК-02 (Е)	2210-1149-2088-6	13
29.	Полнач на дозиметар команден	2210-1149-2090-4	1
30.	Рачунар хемиски РХ	2225-1086-3496-2	98
31.	Комплет за обележување КОН3	2225-1136-5811-0	7
32.	Приколка за скутер	2360-2247-0428-6	3

33.	Приколка за чамец	2360-2247-0430-4	1
34.	Агрегат БЕАН 2 М „Север“ ГЦ 90 Л2	3405-0000-0006-2	1
35.	Агрегат дизел OHV Technic AVR Generator	3405-0000-7968-7	1
36.	Агрегат „Honda" E-300	3405-1085-7963-4	5
37.	Исправувач за рударска ламба	3435-0000-0046-6	14
38.	Полнач на батерии Ni-Cd „Orbit"	3435-0000-0536-1	1
39.	Кабел полски телефонски ПТК-56	3450-3316-1403-0	3750
40.	Комплет линиски ТБ-67	3460-0000-0012-8	18
41.	Ремен електричарски	3460-1079-2379-9	14
42.	Качувалки линиски	3460-1079-6667-1	27
43.	Алат електричарски	3460-1130-0003-1	7
44.	Ламба рударска ЕЛ-19	3625-0000-0019-6	13
45.	Лампа акумулаторска	3625-0000-0028-7	3
46.	Скала на извлекување	3905-0000-0004-8	6
47.	Бушач моторен „Cobra“	3842-1187-4653-9	1
48.	Дигалка хидроулична	3905-0000-0006-1	1
49.	Извлекувач „Tirfor"	3905-0000-0010-3	1
50.	Дигалка механичка од 10 t	3905-0000-0040-1	1
51.	Дигалка рачна со сајла	3905-0000-0041-3	3
52.	Скала кукачка	3935-0000-0008-8	6
53.	Скала морнарска	3935-0000-0011-8	3
54.	Количка ѕидарска	3970-0000-0009-8	3
55.	Количка за 2 боци 40 l	3970-0000-0027-0	1
56.	Јаже конопно - разни	4155-0000-0042-8	16
57.	Вреќа за спиење	4340-0000-0021-8а	30
58.	Шатор голем М-70	4360-1143-1727-8	4
59.	Шатор магацински со конструкција	4360-3915-1266-5	1
60.	Термос за храна	4620-4123-0688-1а	4
61.	Столица канцелариска со раконаслон СН-117 Luna	4705-0000-0426-0	55
62.	Столица конгресна - црна	4705-0000-0424-7	124
63.	Штитник за колено	4320-0000-0072-1	39
64.	Одело заштитно памучно	4320-0000-0180-4	10
65.	Поткапа заштитна памучна	4320-0000-0181-6	800
66.	Јакна ПП од скај со влошка	4320-0000-0201-8	1
67.	Блуза работна ПП од чоја	4320-0000-0202-3	10
68.	Јакна Gore-Tex со полициски ознаки	4320-0000-9840-0	4
69.	Бунда стражарска	4320-1283-7136-3	9
70.	Ракавици за бодликава жица	4320-3915-1103-6	52
71.	Одело работно	4320-3915-2002-5	6
72.	Елек заштитен во маскирна боја	4320-3915-2012-8	1342
73.	Ташна „Samsonite“ 28880	4355-0000-0069-2	1
74.	Ташна „Samsonite“	4355-0000-0075-5	1
75.	Ташна „Premier“ 730	4355-0000-0135-8	1
76.	Вреќа транспортна	4355-1087-5262-4	20
77.	Торба курирска мобилизациска	4355-3915-0010-3	17
78.	Торбица офицерска мала	4355-3915-0012-7	2

79.	Шатор трпезариски	4360-0000-0059-2	1
80.	Шатор магацински М-70	4360-1143-1724-2	4
81.	Шатор голем М-70	4360-1143-1727-8	4
82.	Шатор магацински со конструкција	4360-3915-1266-5	1
83.	Шаторско крило	4360-3915-1272-0a	20
84.	Кујна возечка од 150 l	4610-4123-0904-2a	2
85.	Решо плинско со повеќе горилници	4610-4123-0923-6a	4
86.	Термос од 25 l	4620-4123-0016-7a	3
87.	Термос за храна	4620-4123-0688-1a	4
88.	Сандак за архива дрвен	4725-1078-7987-7a	11
89.	Тепих „Император“	4750-0000-0148-8a	48.2
90.	Пано за поставување карти	4755-0000-0012-0a	4
91.	Машина за пишување „Олимпија“	4805-1083-3035-8a	4
92.	Фотокопир „Canon" NP 6317	4810-0000-0057-3	1
93.	Апарат за уништување хартија GBC 85 h	4815-0000-0019-1a	1
94.	Табла подвижна	4855-4268-0748-6a	1
95.	Апарат за електрично заварување	5452-0000-0001-6a	1
96.	Гарнитура за автогено заварување	5452-0000-0036-3a	1
97.	Апарат за автогено заварување	5452-0000-0037-5a	7
98.	Црево за оксигенски апарат - црвено	5452-0000-0041-7a	40
99.	Црево за оксигенски апарат - сино	5452-0000-0042-9a	40
100.	Косилка за трева електрична	5610-0000-0276-3	1
101.	Пумпа за отпадна вода	5805-0000-0005-3a	2
102.	Пумпа за точење гориво	5830-0000-0045-1	7
103.	Компресор за воздух „Hip" 16	5840-0000-0005-1	1
104.	Компресор за миење возила	5840-0000-0024-5	1
105.	Алат „Орао"	7097-0000-0038-4a	4
106.	Гарнитура алат електричарски	7097-0000-0041-4a	1
107.	Алат водоинсталатерски	7097-0000-0042-6a	9
108.	Алат за рачно пробивање ѕид	7097-0000-0043-8a	11
109.	Алат столарски	7097-0000-0045-1a	8
110.	Камера „Sony" Cybershot DSC-S90	7205-0000-0101-4a	1
111.	Камера дигитална „Benq" DC C750	7205-0000-0125-7	3
112.	Камкордер „Canon" DC-310	7210-0000-0113-6	1
113.	Ускочница	7720-0000-0096-1a	3
114.	Кошара за спасување	7720-0000-0103-3a	10
115.	Скала растеглива	7720-1132-8844-3a	5
116.	Спусница затворена	7750-1143-2526-8a	6
117.	Одело Темпекс	7760-0000-0004-5a	7
118.	Удлага по Крамер должина 100cm ширина 10cm	7810-7011-8598-8a	240
119.	Удлаги по Крамер должина 150cm ширина 10cm	7810-7011-8599-6a	8
120.	Носило санитетско	7880-1077-0135-3a	116
121.	Колан за ранети	7880-1077-0203-5a	153
122.	Сајла за канализација 10mm	8220-0000-0001-3a	2
123.	Правосмукалка CONTI B-190	8515-0000-0079-3a	1
124.	Правосмукалка „First“ 1200 W	8515-0000-0112-8a	2

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Доброволното противпожарно друштво - „ДОЈРАН“.

Член 3

Директорот на Дирекцијата за заштита и спасување склучува договор со претседателот на Доброволното противпожарно друштво - „ДОЈРАН“ со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-1649/1
1 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1328.

Врз основа на член 9-а став (6) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“, бр.84/08, 35/11, 84/12, 43/14, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 април 2020 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА - СКОПЈЕ Ц.О.

Член 1

Со оваа одлука од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се отстапуваат, без надомест, 50.000 литри Екстра лесно Ел-1 гориво на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о.

Нафтените деривати од став 1 на овој член се отстапуваат на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о. за извршување на основните работи од тековно и инвестиционо одржување на патишта, планирани со Годишната програма за одржување и заштита на државните патишта за 2020 година.

Член 2

Трошоците за испорака, односно транспортните и манипулативните трошоци за преземање на отстапените нафтени деривати од член 1 на оваа одлука, паѓаат на товар на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о.

Член 3

Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2144/1
1 април 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

1329.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 април 2020 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид бр.09-1282/2 од 30.3.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2427/1
2 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1330.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 април 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ - ВЕВЧАНИ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на ЈЗУ Здравствен дом-Вевчани бр.09-1307/2 од 30.3.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2427/2
2 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1331.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 април 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ СО ПРАВОСИЛНИ ОДЛУКИ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на општина Шуто Оризари бр.09-1306/1 од 30.3.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2427/3
2 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1332.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 април 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ СО ПРАВОСИЛНИ ОДЛУКИ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ - ВЕВЧАНИ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на ЈЗУ Здравствен дом - Вевчани бр.09-1305/1 од 30.3.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2427/4
2 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1333.

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 април 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2019 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната сметка за 2019 година на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје

бр.02-546/1 од 26.2.2020 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 26.2.2020 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2706/1
2 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1334.

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 април 2020 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ ВО 2019 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје во 2019 година, бр.02-545/1 од 26.2.2020 година, усвоен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 26.2.2020 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2706/2
2 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1335.

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), а во врска со член 13 од Законот за Македонската банка за поддршка на развојот („Службен весник на Република Македонија” бр.105/09) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 април 2020 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА КАМАТАТА КОЈА ПРОИЗЛЕГУВА ОД ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР, НАМЕНЕТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ – V ФАЗА, СКЛУЧЕН МЕЃУ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА И РАЗВОЈНА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ, КАКО И ПРЕСМЕТАНАТА КАМАТА ОД СТРАНА НА РАЗВОЈНАТА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

Член 1

Владата на Република Северна Македонија ја субвенционира каматата која се пресметува на преостанатиот дел од заемот одобрен со Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – V фаза, склучен меѓу Европската инвестициона банка и Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје во износ од 50.962.187,00 ЕВРА, како и пресметаната камата во висина од 0,5% (годишна каматна стапка) од страна на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје на износот на повлечени средства од Европската инвестициона банка.

Член 2

Средствата за субвенционирање на каматите од член 1 на оваа одлука се неповратни, а ќе се обезбедат од Буџетот на Република Северна Македонија, Раздел 09002-Министерство за финансии - функции на држава, програма 20, ставка 451 – Каматни плаќања кон нерезидентни кредитори.

Член 3

Се задолжува министерот за финансии во името на Владата на Република Северна Македонија со Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје да го склучи договорот за субвенционирање на камати од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2754/1
1 април 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1336.

Врз основа на член 25 став 1 и 3 и 47 став 1 точка 20 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ КНИЖНИ ПАРИ ВО АПОЕН ОД 10 ДЕНАРИ СО ИЗМЕНЕТИ БЕЛЕЗИ

1. Во Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 10 денари со изменети белези („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 50/19), во точката 2 се додава нов став 2 којшто гласи:

„Се менуваат основните белези на книжните пари во апоен од 10 денари опишани во потточка 3.1 од Одлуката за издавање и основните белези на книжните пари во апоени од 10 и 50 денари (Службен весник на Република Македонија бр. 218/16) и во точка 1 од Одлуката за изменување на одлуката за издавање и за основните белези на книжните пари во апоени од 10 и 50 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/17), и тоа во:

- ставот 3, бројот: „16,2“ се заменува со бројот: „16,1 “.
- ставот 5 бројот: „5,4“ се заменува со броевите: „3,8“.
- ставот 11 бројот: „3,6“ се заменува со броевите: „3,3“.
- ставот 12 бројот: „5,4“ се заменува со бројот: „5,3“.
- ставот 16 бројот: „3,6“ се заменува со броевите: „3,3“.
- ставот 20 бројот: „5,4“ се заменува со броевите: „3,8“.
- ставот 21 бројот: „16,2“ се заменува со бројот: „16,1 “.

2. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.

О. бр. 02-15/V-1/2020
30 март 2020 година
Скопје

1337.

Врз основа на член 25 став 1 и 3и 47 став 1 точка 20 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ КНИЖНИ ПАРИ ВО АПОЕН ОД 500 ДЕНАРИ СО ИЗМЕНЕТИ БЕЛЕЗИ

1. Во Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 500 денари со изменети белези („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 50/19) во точката 2 се додава нов став 2 којшто гласи:

„Се менуваат основните белези на книжните пари во апоен од 500 денари опишани во точка 2 г) од Одлуката за издавање апоенска структура и основни белези на книжни пари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/96) и точка 2 од Одлуката за издавање и печатење банкноти во апоени од 500 и 1000 денари со изменети белези („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/03), и тоа во:

- ставовите 1 и 2 бројот „4“ се заменува со бројот „3,9“.
- ставот 2 текстот: „Цвет - афион - Македонија“, се заменува со текст: „Цвет - афион - Северна Македонија“.

2. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.

О. бр. 02-15/V-2/2020
30 март 2020 година
Скопје

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.

ISSN 0354-1622
2020088